Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по изборниот предмет *проекти од музичката уметност* за VI одделение на основното осумгодишно образование, односно за VII, VIII или IX одделение за деветгодишното основно образование.

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ПРОЕКТИ ОД МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет *Проекти од музичката уметност* е изборен предмет за учениците во деветгодишното основно училиште. Наставниот предмет им се нуди на учениците во третиот период на основното училиште од VII до IX одделение. Неделниот фонд часови за предметот изнесува по 2 (два) часа во неделата, односно 72 часа во текот на учебната година.

Понудените проекти од музичката уметност имаат за цел да ги продлабочат знаењата и умеењата на учениците стекнати во редовната настава по музичко образование, а, од друга страна, да овозможат реализација на индивидуалните интереси, афинитети и музички способности на учениците.

Проектната настава ја поттикнува самостојноста на учениците, нивната креативност, смисла за тимско работење и истражување, умеење да се презентира и вреднува својата активност и активноста на другите. Понудените содржини и активности даваат можност за позитивно влијание врз личноста на учениците во овој развоен период.

Во овој наставен предмет, како и во другите предмети, се нагласува поврзувањето на учењето со искуството на учениците, флексибилната организација на часовите, поттикнувањето на индивидуалните активности и групната работа на учениците со што се постигнува подобра комплементарност со другите предмети и кооперативност во процесот на наставата и учењето.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Согласно динамиката за воведување на девтгодишното основно воспитание и образование наставната програма за учениците во VI одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2008/09 година е еквивалентна на наставната програма за VII, VIII или IX одделение на деветгодишното осдновно училиште.**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII, VIII или IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да стекне сознанија за структурата на проектот во областа на музичката уметност (планирање на активности и временска рамка, улоги, фази во извршување, презентација и вреднување на резултатите);
- да ја развива својата креативност;
- да ја зајакнува самодовербата преку личната ангажираност и презентацијата на својот продукт;
- да ги прошири знаењата за животот и творештвото на истакнати композитори;
- да ги продлабочи знаењата за народните песни и обреди поврзани со празници;
- да ги прошири знаењата за различните стилови во вокалната и инструменталната музика;
- да интерпретира песни од различни стилови;
- да интерпретира инструментална музика од различни стилови;
- да се запознае со можностите кои ги дава мултимедијалниот компјутер во наставата по музичко образование;
- да применува специјални музички програми;
- да стекне умеења за јавна презентација и/или сценски настап.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Проекти од музичката уметност | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се оспсооби да ја применува методологијата за изработување на проект од музичката уметност. | | - Проект<br>- Проектен тим<br>- Координатор<br>- Истражување<br>- Самовреднување | 1. Избирање тема (содржина) за проект;<br>-формирање на проектен тим;<br>- поделба на групи и одредување на координатори на групите.<br>2. План за акција;<br>- поставување на одредена цел;<br>- одредување на временската рамка во која ќе се движи истражувањето;<br>- планирање на активностите во таа рамка<br>3. Реализација на планот;<br>- прибирање материјал;<br>- размена на информации во редовните временски интервали;<br>- анализа и средување на податоците<br>4. Презентација на проектната активност (усна со користење на ИКТ, напис, концерт и др.).<br>5. Самовреднување на проектот (дискусија на учесниците за искуствата во реализацијата на проектот). |

| Проект: Музички новинари | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги прошири знаењата за животот и творештвото на истакнати композитори | - Портрети на композитори (на пример: Вивалди, Моцарт, Бетовен, Чајковски, Прокопиев, Шуплевски, Јакова, Доми и др. по избор на ученикот) | Во врска со проектот | Пример:<br>Проект: *Животот и делото на одреден композитор.*<br>Цел на проектот: *да се проучи животот и делото на дадениот композитор.*<br>Активности: *посета на музички институции, средби со музичките дејци, истражувања во библиотеки и на Интернет, слушање на дела*<br><br>Реализација според методологијата за изработка и реализација на проектот. |

| Проект: Музичкиот фолклор околу нас | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги продлабочи знаењата за народните песни и обреди поврзани со празниците (*по избор на учениците*). | - Музички фолклор (народни песни и народни обреди поврзани со празниците - Коледе, Прочка, Ѓурѓовден, Велигден, Бајрам и др.) | Во врска со преоктот | Пример:<br>Проект: ***Обред и песни поврзани со празникот карактеристичен за средината.***<br>Цел на проектот: *да се проучи даден обред и песните.*<br>Активности: *посета на музички институции, средби со музички дејци, теренско истражување, истражувања во библиотеки и на Интернет, слушање музика.*<br>Реализација според методологијата за изработка и реализација на проектот. |

| Проект: Пејачка група | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги прошири знаењата за различни стилови во вокална музика;<br>- да интерпретира песни од различни стилови. | Пеење на песни од различни стилови (поп, рок, традиционален фолклор и др.) | Во врска со преоктот | Пример:<br>Проект: Одреден музички стил.<br>Цел на проектот: *да се подготви одреден број песни за сценски настап*.<br>- Формирање на проектен тим и поделба на групи (*пејачи, организатори на сценски настап, дизајнери на рекламни материјали, истражувачи и др.*).<br>Активности: *посета на музички институции, средби со музички дејци, истражувања во библиотеки и на Интернет, слушање на дела, подготовка на нотен материјал, одржување на проби.*<br><br>Реализација според методологијата за изработка и реализација на проектот. |

| Проект: Инструментална група | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги прошири знаењата за различните стилови во инструменталната музика;<br><br>-да интерпретира музика од различни стилови. | Свирење на музика од различни стилови (поп, рок, традиционален фолклор и др.) | - Инструментална група<br>- Бенд<br>- Оркестар<br>- Ансамбл<br><br>Други поими во врска со проектот | Пример:<br>Проект: одреден музички стил.<br>Цел на проектот: *да се подготват одреден број композиции за сценски настап*<br>- Формирање на проектен тим и поделба на групите *(свирачи, организатори на сценски настап, дизајнери на рекламни материјали, истражувачи и др.).*<br>Активности: *посета на музички институции, средби со музичките дејци, истражувања во библиотеки и на Интернет, слушање на дела, подготовка на нотен материјал, одржување на проби).*<br><br>Реализација според методологијата за изработка и реализација на проектот. |

| Проект: Музика и компјутер | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се запознае со можностите кои ги дава мултимедијалниот компјутер во наставата по музичко образование;<br>-да се запознае со MIDI системот;<br>-да се запознае со MIDI контролерите;<br>- да се оспособува да применува специјални музички програми: музички едитори (уредувачи), мултимедијални апликации или програми кои се користат за забава; | - Запознавање со стандарден мултимедијален компјутер (звучна карта и ЦД-уред)<br><br>- MIDI систем<br>- MIDI контролери<br><br>Образовен софтвер:<br>ОТВОРЕНИ ПРОГРАМИ<br>- музички едитори<br>- секвенцери<br>- звучни едитори<br>- мултимедијални платформи | - Мултимедијален компјутер<br>- Звучна картица<br>- ЦД уред<br>- Синтисајзер<br>- USB/MIDI клавијатури<br>- MIDI систем<br><br>- MIDI контролери<br><br>-Отворен програм (ученикот може да пристапи до одредена информација, да ја менува и прилагодува според своите потреби) | - Запознавање со стандарден мултимедијален компјутер (звучна картица и ЦД уред).<br>- Свирење на синтисајзер одредени мелодиски вежби.<br>- Запознавање со MIDI систем (дигитален Интерфејс за музички инструменти – овозможува да се сочуваат, снимаат секвенции да се репродуцираат на синтисајзер).<br>- Запознавање со MIDI контролери (контролер е механички уред кој ги имитира традиционалните музички инструментии ја претвора музичката изведба во MIDI информација.<br>- Вежби: примена на музички едитори (програми за пишување, уредување и печатење на партитури)<br>- Вежби: примена на секвенцери (програми за снимање, модификување и репродукција на секвенци при музички настани)<br>- Вежби: звучни едитори (програми кои овозможуваат да се подесуваат и менуваат параметрите кои се дел од синтетизирањето на звукот).<br>- Вежби: примена на мултимедијални платформи (неструктуирани програми кои овозможуваат да се креираат разни вежби). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да применува музички теоретски програми (турориjали);<br>-да изработува одредени вежби (програми за забава). | ЗАТВОРЕНИ ПРОГРАМИ<br>- ТУРОРИЈАЛИ (музички теоретски програми)<br>- ПРОГРАМИ ЗА ЗАБАВА (да го увежбува слухот на слушателот или да подучува музички ритам)<br>-МУЛТИМЕДИЈАЛНИ АПЛИКАЦИИ(пристапот до информации е преку екранот) | - Затворен програм (не може да да ја менува информацијата)<br>- Повеќеканален касетофон | - Вежби: примена наЗАТВОРЕНИ ПРОГРАМИ;<br>- изготвување музички тестови по можност да се слуша и звук – ТУРОРИЈАЛИ;<br>- изработување разни вежби- ПРОГРАМИ ЗА ЗАБАВА;<br>- изработување на разни мултимедијални апликации и нивна презантација (разни едноставни игри, избирање на МИДИ датотеки од разни компилации според различни критериуми (комозитор, период и др.), учење за различни инструменти и др. Пристапот до информации е преку екран, а исто така и нивното презентирање е преку екранот. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Изборниот предмет *проекти од музичката уметност* дава можност за интеграција со содржините од програмата *музичко образование*, а и со содржините од другите наставни предмети. Исто така, има можност за внатрешно интегрирање на содржините од проектните активности. Наставникот треба да им помогне на учениците да стекнат јасна претстава за фазите и чекорите во изработката на проектот (избор на тема, дефинирање на цел, формирање на тим, поделба на улогите, планирање на активностите, определување на временска рамка).
Во програмата се понудени неколку типови проекти од различни области (пеење, свирење, слушање музика, музички фолклор, ИКТ во музиката). Според посочените модели наставникот може да направи свои проекти и да им ги понуди на учениците. Изборот на проектите и одредувањето на нивниот број во една учебна година се прави според процена на можностите и афинитетите на учениците (на пример, преку претходно анкетирање на учениците). Времетраењето на еден проект го одредува наставникот, според видот на проектот (од едно тромесечје до цела учебна година). При изготвување на временската рамка на еден проект наставникот треба да одреди неколку часа за вежбање на завршната презентација (увежбување на усна презентација и користење на потребните алатки – постери, Power Point и сл. или увежбување на јавен настап – одржување на проби, генерална проба со концертна облека, психолошка подготовка, вежбање на сценско однесување и сл.).

- **Наставни средства:**
  - приручник за наставникот;
  - аудио- визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер, синтисајзер);
  - дидактички средства и материјали;
  - музички инструменти;
  - разни извори на учење од непосредната околина (библиотеки, музички институции и сл.);
  - визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
  - Интернет, образовни и музички софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа и нивните изразни активности (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик.
Ученикот се оценува со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по **проекти од музичката уметност** може да ја изведува наставник со завршен факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија.
Доколку на конкурсот не се јави кандидат со наведениот оддел, тогаш наставата по овој предмет може да ја изведува наставник со завршен факултет за музичка уметност – други оддели со стекната педагошко-методска доквалификација на ФМУ.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- ги знае фазите во изработкта на проект од музичката уметност (планирање на активностите и временската рамка, улогите, фазите во извршувањето, презентацијата и вреднувањето на резултатот);
- учествува активно во сите фази на реализација на проектот (способност за планирање, вештина за истражува, способност за донесување на соодветни решенија, чувство за време и крајни рокови, вештини на комуникација, организациски способности, способности за водење евиденција – портфолио, презентерски вештини);
- знае да ги презентира податоците до кои дошол/а во изработката на проектот (во врска со одредената тема);
- може да применува компјутер во наставата по музичко образование.

## 9. КОМИСИЈА КОЈА ЈА ПОДГОТВИ НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

- Анкица Витанова, советник за музичко образование и музичка уметност, БРО - Скопје
- м-р Викторија Коларовска - Гмирја, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност - Скопје
- м-р Владимир Лазаревски, Факултет за музичка уметност – Штип
- Владимир Јаневски , професор – ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј" – Скопје
- Флорим Зулфиу, наставник – ОУ„Дитурија"- с. Липково

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *проекти од музичката уметност* за шесто одделение на основното осумгодишно образование, односно за седмо, осмо или деветто одделение на основното деветгодишно образование ја донесе

Министер

____________________

**Сулејман Рушити** на ден ____________________